РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр.03-2685/1

Скопје 26.06.2020г.

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 25-ти јуни 2020** година.

Во рамки на овој извештај Ве известуваме за следното:

Со мониторингот на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања се опфатени 14 радио и телевизиски програмски сервиси.

Според Методологијата за мониторинг, кај сите нив ќе се анализира вкупно емитуваната програма со фокус на облиците на изборно медиумско претставување (дневно-информативните емисии, информативно-политичките програми жанровски реализирани како интервјуа, дебати или ТВ/радио соочувања, актуелно-информативните програми, тематските специјализирани информативни програми, бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање).

Начинот на известување во вестите и квантитативно и квалитативно ќе се анализира во централните информативни изданија на медиумите.

За почитувањето на одредбите од Изборниот законик, за сите други радиодифузери ќе се постапува по претставки.

Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на изборите ќе биде објавен по завршување на изборната кампања. Додека извештаите за евентуални прекршувања на изборната регулатива ќе се објавуваат веднаш по нивното констатирање.

Со мониторингот на платеното политичко рекламирање во контекст на потврда на извештаите на радиодифузерите за реализирани услуги, што се доставуваат во ДИК за исплата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање, се опфатени сите радиодифузери што се регистрирани во Регистарот на ДИК.

Во согласност со Упатството на Агенцијата за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година), на посебната адреса на електронска пошта - izbori@avmu.mk, креирана само за оваа намена, од првиот ден од кампањата радиодифузерите доставуваат медиа планови и договори со учесниците во изборниот процес.

Со мониторингот на изборното медиумско претставување на првиот ден од кампањата за Предвремените парламентарни избори 2020 година, Агенцијата констатираше дека повеќе телевизии, спротивно на член 76 став 3 од Изборниот законик, емитуваа платено политичко рекламирање во кое учествуваат малолетници. Затоа преку соопштение апелираше радиодифузерите веднаш да престанат да ги емитуваат овие спотови, а учесниците во изборната кампања да го усогласат нивното платено политичко рекламирање со законите.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**